**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 21.02.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Селвер Ајдини заменик на претседателот на Советот на АВМУ (службено отсутен).

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски објасни дека на седницата се присутни 5 членови на Советот, отсутен е г-дин Ајдини кој е на службено патување во странство.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за“ го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.02.2022 година.
2. Предлог за изрекување мерка на ТВ Алфа за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
3. Предлог-решение за запирање на постапката за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ од Скопје.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување.

5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Финансиско - осигурителни услуги.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Авионски билети.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.02.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТВ Алфа за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека овој прекршок медиумот го прави по втор пат за емитување на играниот серијал „Величествениот“. Но, бидејќи првиот прекршок е направен пред крајот на 2021 година, со завршување на календарската година доколку радиодифузерите го повторат прекршокот следната година се губи можноста да им се изрече прекршочна пријава. Од таа причина бидејќи е направен за прв пат во 2022 година се предлага изрекување повторно на мерката јавна опомена со рок за усогласување со Законот од 30 дена, во кој рок треба да го прилагодат емитувањето на играниот серијал согласно категоризацијата од Правилникот за заштита на малолетните лица. Доколку не постапат согласно изречената мерка, по 30 дена ќе се направи контролен надзор и ќе се покрене прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека ова претставува еден недостаток во Законот при што се овозможува доколку медиумот направи прекршок на крајот од претходната година и доколку медиумот го повтори прекршокот и следната година, да не се покрене прекршочна пријава туку два пати да се изрече јавна опомена. Според него ова треба некако да се коригира бидејќи е многу близу растојанието помеѓу двете прекршувања.

Г-дин Фиданоски рече дека има едно прашање и покрај тоа што г-дин Трајчевски објаснил зошто повторно се предлага јавна опомена. Бидејќи е краток периодот помеѓу двете прекршувања по истиот член од Законот, праша дали е разговарано со радиодифузерот во однос на тоа дали свесно го прави прекршувањето или е од незнаење?

Г-дин Трајчевски објасни дека со програмскиот директор или уредник на ТВ Алфа имал состанок и кој го убедувал дека категоризацијата на АВМУ не била во ред. Му објаснил дека Агенцијата ќе си продолжи со постапката и доколку ТВ Алфа не го усогласи работењето со подзаконскиот акт ќе се покрене прекршочна пријава. Уредникот рекол дека кога оваа иста серија била емитувана пред 7-8 години не била

истата категоризација. Г-дин Трајчевски објасни дека во тоа време беше на сила Законот за радиодифузна дејност и Правилникот за заштита на малолетните лица беше со други временски периоди за категоризација на програмата. Наведе дека на ТВ Алфа им е јасно ставено до знаење дека ставот на Агенцијата е дециден и дека по истекот на рокот доколку со надзорот се констатира истото прекршување ќе добијат прекршочна пријава.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-422/1 од 01.02.2022 година и едногласно заклучи на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што репризна и премиерна епизода од играниот серијал „Величествениот", емитувани на 27 јануари 2022 година беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието, односно пред 20 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека сепак како што спомнал и г-дин Фиданоски добро е да се проба да се разговара со медиумот за да не ја повторува грешката бидејќи следува построга мерка.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлог-решението за запирање на постапката за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација кај ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ од Скопје. Објасни дека оваа постапка беше покрената поради тоа што управителот на ТВ Сити се јавуваше истовремено и како прокурист на друштво кое што беше регистрирано за вршење на дејност производство на филмови, видео филмови и телевизиска програма што е спротивно на член 49 од ЗААВМУ. Исто така и по втора основа имаше индиции за постоење на недозволена медиумска концентрација преку поврзаност на член од семејството. Согласно Законот на радиодифузерот му се даде рок во кој што треба да достави Изјава дали лицето кое што е управител на телевизијата е во роднинска врска со лицето кое што тогаш беше

сопственик и управител на друштвото за филмска продукција и покрај тоа да ги достави и другите документи што се од значење за одлучувањето. На 9-ти февруари 2022 година ТВ Сити во Агенцијата достави доказ од Централен регистар на РСМ, решение од кое е видно дека е направена промена во Централниот регистар односно дека ова лице воопшто не е управител на телевизијата туку нов управител на телевизијата е физичкото лице Владимир Перчуклиевски. Со тоа се отстранети сите причини за постапката која претходно се водеше и е даден предлог да се запре започнатата постапка.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на постапката за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност кај ТРД СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, со текст како што беше предложено решението.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски даде вовед во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување. Објасни дека ова е претпоследниот чекор по однос на Барањето на ТВ 24 Вести за доделување на дозвола за терестријално емитување. По пат на јавна набавка ќе се избере економски оператор кој што ќе изработи Студија за оправданоста за објавување на јавен конкурс. Во зависност од резултатите на оваа Студија ќе следи и одлуката на Советот дали ќе се распише или не јавен конкурс за доделување дозвола или дозволи за терестријално емитување.

Г-дин Трајчев рече дека принципиелно ќе се произнесе по однос на набавката. Советот гласа за утврдување на потреба за јавна набавка и не навлегува во техничката спецификација и начинот како ќе се спроведе постапката. Се изјасни дека ќе ја поддржи потребата за оваа набавка. Но, бидејќи техничката спецификација е дадена во прилог на точката, рече дека уште еднаш ќе му укаже на директорот во врска со начинот како се направени бодовите односно 60% за квалитет и 40% за цената. Принципиелно смета дека не би требало да биде на тој начин направено бодувањето, ако се сака да се подигне критериумот може да се подигнат критериумите за учество, но за конечното одлучување треба да биде цената кој да добие помеѓу конкурентите. Сепак ова не е надлежност на Советот, тој може да укаже, и на директорот останува дали ќе го земе предвид и како ќе одлучи понатаму да постапува. Во однос на потребата рече дека Советот ја утврдил во Планот и кога има барање должни се да одговорат за оваа постапка.

Г-дин Фиданоски во врска со соодносот кој е поставен за критериумите односно 60% за квалитет и 40% за цената рече дека принципиелно ќе го поддржи, иако се согласува дека тоа не е надлежност на Советот. Смета дека за изработка на Студија не е првпат Советот да носи одлука, но сепак е едно од најчувствителните прашања во доменот на работата на Советот. Радиодифузерите и апликантите се особено чувствителни по ова прашање од разни причини за нив познати. Потребно е да се изработи Студија која што треба да даде релевантни одговори на сите прашања кои

што се наведени во техничката спецификација и да даде едно резиме. Водејќи се од неодамнешното искуство што го имале од едно слично прашање околу истражувањето што се направи за измената за досегот на радиостаниците и гледаноста на телевизиите каде што се даде првпат според него храбар сооднос на цена и квалитет на конкретно барање на радиодифузер, смета дека ваквиот сооднос е добар и дека ќе привлече условно речено квалитетни играчи или економски оператори во оваа област кои би се вклучиле на овој јавен повик. Најдобриот да го добие јавниот повик и да изработи Студија која ќе ги даде одговорите за да може и барателот за изработка на Студијата да биде задоволен. Никогаш никој не е до крај задоволен од одговорите што беа досега дадени, меѓутоа верува дека генерално ќе биде задоволен дотолку повеќе што смета дека оваа Студија можеби ќе биде еден репер како изгледа ситуацијата на медиумскиот пазар кај нас, после Ковид пандемијата која што уште формално не е завршена, но генерално економските насоки во светот велат дека светските економии излегуваат полека од кризата предизвикана со Ковид пандемијата. Се надева дека и нашата држава ќе се вклучи како една економија во тој домен, со што ќе се согледа како стојат перформансите на медиумскиот пазар кај нас, колку е ослабен или зајакнат. Наведе дека ќе даде поддршка.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска рече дека ќе даде едно објаснување во однос на одредбите од Законот за јавни набавки. Бидејќи станува збор за набавка која според проценетата вредност ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Според одредбите од Законот за јавни набавки кога се спроведува набавка од мала вредност се утврдува само професионалната дејност. Како што е конципирана оваа набавка не може да се бара исполнување на други критериуми, ова е единствениот начин за да се подигне критериумот за учество на економските оператори во оваа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски рече како што спомнала и раководителката Митревска да беше повисока сумата ќе можеше како критериум да биде наведена најниска цена, а другите да бидат само елиминаторни, да не се бодуваат. Ова е единствен начин да се обезбеди и некако да се мотивира да има квалитетни понудувачи. Добро е да има квалитетни понудувачи што ќе се јават како конкуренти, можеби може да се размисли наместо да се бара магистер во сферата на општествените науки како што е наведено, да се стави доктор на науки. Посочи дека Советот последната година или неколку месеци наназад е критикуван од заинтересираниот медиум дека не сакаат да му обезбедат да може тој да се натпреварува или да премине во другата категорија на медиуми, можеби не вака директно како што навел, но има критики. Според него ова е добар аргумент, квалитетот, за да добие поголема тежина самата Студија.

Г-дин Трајчевски рече заради значајноста на оваа Студија на Агенцијата и треба квалитетна Студија, а не само Студија што ќе биде платена поевтино, бидејќи имало случаи во минатото кога со негативна аукција цената се намали многукратно и потоа да се оспорува кредибилноста на Студијата затоа што е изработена по многу ниска цена. Објасни дека кај јавната набавка за досегот на радиостаниците и гледаноста на телевизиите се стави и квалитет и други критериуми, и на тие други критериуми се жалеа некој од агенциите дека биле дискриминаторски. Поднесоа жалби до Бирото за јавни набавки иако денес самите ја повлекоа жалбата, така што никогаш не може да се избере критериум со кој што сите ќе бидат задоволни. На Агенцијата и е многу важно на крајот да добие квалитетен производ, во овој случај квалитетна Студија и да не се

доведе во ситуација плаќајќи ниска цена да се добие неквалитетна Студија што потоа ќе биде оспорувана од барателот за доделување на дозвола.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече, се надева дека навистина ќе се избере квалитетен понудувач носител на набавката и дека нема да има сомневање дека тука е нешто намерно направено. Посочи дека Советот и Агенцијата никогаш немале таква намера, никогаш тоа не го направиле и нема да го направат.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Финансиско - осигурителни услуги. Објасни дека оваа набавка се спроведува секоја година. За време на тековното работење на Агенцијата недвижностите и движните ствари и целокупната опрема која што е сместена во објектот каде што е сместено седиштето на Агенцијата подложни се на опасност од кражба, пожар, земјотрес или незгода, па поради тоа потребно е да се спроведе оваа набавка со цел да се обезбеди осигурителна компанија која што ќе ја пружа оваа услуга и при тоа при вакви евентуални незгоди би и исплатила на Агенцијата одредена сума што би ги намалила економските последици за настанатата штета. Според проценетата вредност оваа набавка во Годишниот план за јавни набавки и во Финансискиот план за 2022 година ќе биде спроведена како набавка од мала вредност, со објавување на оглас на електронскиот систем на јавни набавки. Критериум за доделување на договор ќе биде најниска цена. Останатите податоци се содржани во доставените материјали. Напомена дека во Барањето за отпочнување јавна набавка, во техничката спецификација во Точката 1.2.2 не се наведени вредностите во денари на целокупната опрема бидејќи во моментот на подготвувањето на ова барање економскиот сектор не беше во можност да ги наведе и достави тие податоци. Се разбира дека во тендерската документација која што ќе биде објавена ќе бидат содржани сите податоци.

Г-дин Фиданоски рече дека освен во последната набавка од Дневниот ред каде што можеби тиражот игра улога при определувањето каде да се закупи простор за објавување оглас, за сите други критериумот е најниска цена 100%. Во овој случај нема дилема дека треба да биде цената, но според него во Точката 7 можеби како критериум треба да биде и тиражот на дневните весници.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Финансиско-осигурителни услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Финансиско - осигурителни услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Авионски билети. Објасни дека и оваа набавка се спроведува секоја година за вработените во Агенцијата кои имаат обврска да остварат определени службени патувања. Со тоа треба да се обезбеди авионска услуга, односно авионски билети. Според износот на средствата ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка со спроведување на оглас преку ЕСЈН и во Службен весник на РСМ. Нагласи дека иако се релативно повисоки средствата кои се предвидени за оваа намена, има задршка во тендерската документација дека АВМУ не е обврзана да ги потроши сите средства туку во зависност од потребите. Останатите податоци се содржани во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Авионски билети.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Авионски билети е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници. Објасни дека оваа набавка Агенцијата ја спроведува при вршењето на своите законски обврски за да објавува во печатени дневни весници огласи. Дневните весници треба да се дистрибуираат на целата територија на државата. Станува збор за делива набавка составена од два дела. Првиот дел е објавување огласи во дневен весник на македонски јазик и вториот дел е објавување огласи во дневен весник на јазикот кој што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РСМ. Според износот на средствата ќе биде спроведена како набавка од мала вредност со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки. Критериум за доделување на договор ќе биде најниска цена. Останатите податоци се содржани во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Закуп на простор за објавување огласи во дневни весници е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Г-дин Трајчев предложи на денешната седница или на следната седница да се дискутира во врска со Заклучокот што го донесе Советот за начинот на одржување седници преку видео конференциска врска. Со оглед на фактот што Комисијата за заразни болести се`уште не ги олабави мерките кај нас, рече да се размисли дали Советот би требало да продолжи уште некое време со ваков начин на работа.

Г-дин Петрушевски рече дека има време да се размисли до следната седница. Во Заклучокот што го донесе Советот наведено е дека од 1 март 2022 година седниците ќе се одржуваат со физичко присуство во Агенцијата, но за секој случај ставена е и точка дека може во вонредни случаи да постапат и поинаку. Таа одлука има можност да ја донесе тој како претседател на Советот или во договор со членовите на Советот. Доколку 4 члена решат дека не може, тогаш така и ќе се одлучи. Секогаш постои можноста за онлајн седници, но намерата беше да се почне со физичко присуство. Ситуацијата со Ковид пандемијата се подобрува, но не е идеална, иако е подобра од јануари кога се носеше одлуката.

Г-дин Трајчев потсети дека тогаш дискутирале дека ќе ја преиспитаат одлуката пред истекот на рокот, ако се`уште ситуацијата не е подобрена и согласно насоките од Комисијата да се продолжи уште некое време. Предложи на следната седница да се дискутира.

Г-дин Петрушевски рече да размисли секој за себе како ќе одлучи и потсети дека секогаш постои можноста да се одржат седниците преку видео конференциска врска, поради разни причини, доколку некој се разболи, позитивни на вирусот или пак е на службен пат во странство.

**Бр. 02-699/8**

**25-02 2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**